РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-1554/12
28.12 2018 год.
КОЧАНИ

Друштво за трговија и услуги
СОЛАС-ЕКС-ИМ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 131/18 28.12.2018 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

**Склучен помеѓу:**

1. **Општина Кочани,** со седиште во Кочани, ул. „Раде Кратовче“ бр.1, застапувана од одговорното лице на Договорниот орган – Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев (во понатамошниот текст: **Нарачател**) и

2. **Друштво за трговија и услуги СОЛАС-ЕКС-ИМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје,** со ЕМБС 6360645 и ЕДБ 4030008030546, застапувано од управителот Снежана Радомировиќ, со седиште на ул.„Борис Трајковски“ бр.24/39-ДТЦ Стара/Рампа Кисела Вода во Скопје, жиро с-ка 320100025264912 – Централна кооперативна банка АД Скопје (во понатамошниот текст: **Извршител** )

**Предмет на договорот**

**Член 1**

Предмет на овој договор е:

**Отстранување на бесправно изградени објекти и делови од објекти, бесправно поставени објекти, објекти склони на паѓање и други објекти**

Овој договор се доделува врз основа на Одлука за избор на најповолна понуда бр.05-1554/8 од 23.11.2018 година во постапка која се спроведува со барање за прибирање на понуди по оглас бр.05-1554/4 објавен на ЕСЈН, а по Одлука за јавна набавка бр.05-1554/2 од 26.10.2018 година.

Набавката е сукцесивна, во зависност од потребите на нарачателот, со времетраење од 12 /дванаесет/ месеци, сметано од денот на склучување на овој договор.

**Вредност на договорот**

**Член 2**

Согласно Одлуката за јавна набавка бр.05-1554/2 од 26.10.2018 година вкупната договорена вредност што може да се плати за извршувањето на работите опишани во техничката спецификација, односно обезбедените средства за реализација на овој договор **се во висина од 338.983,00 ден. без ДДВ**, односно **400.000,00 ден. со вклучен ДДВ 18 %.**

Средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Кочани за 2018/2019 год., Програма Ф2, ставка 425, потставка 425940.

Нарачателот не е должен да ја реализира вкупната вредност на овој договор.

Корекција на цените на услугите за предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат фиксни за целото времетраење на договорот, освен ако корекцијата оди во надолна линија.

**Начин на плаќање**

**Член 3**

Плаќањето на работите кои се предмет на овој договор, ќе се врши по доставување на фактура заедно со Извештај од градежен дневник за стварно извршена работа по вид и режиски час, одложено до 60 /шеесет/ дена, сметано од денот на приемот на истата во архивата на Договорниот орган.

Во согласност со Извештајот од поднесување конечна цена генериран на ЕСЈН, единечните цени за изразување на поделните фази и позиции / за секоја ставка посебно / се составен дел на овој Договор

Корекција на цените на услугите за предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат фиксни за цело времетраење на реализација на договорот.

**Динамика на извршување на работите**

**Член 4**

Носителот на набавката ќе пристапува кон вршење на работите согласно техничката спецификација, а по барање на договорниот орган.

Работите ќе се вршат сукцесивно согласно потребите на договорниот орган и по барање на договорниот орган во времетраење на периодот на договорот.

Место на извршување на работите: подрачје на општина Кочани.

Работите предмет на договорот за јавна набавка ќе се вршат во рамките на планираната вредност на договорот.

Носителот на набавката е должен работите предметот на договорот за јавна набавка да ги изведува на следниот начин:

- За извршување на секоја поединечна работа Договорниот орган ќе испрати до Носителот на набавката писмено барање за отстранување на објект, согласно донесените Решенија од овластениот градежен инспектор или одобрение од Градоначалникот на општина Кочани и донесените Заклучоци за дозвола на извршување. Барањето може да се доставува и преку е-пошта пријавена како официјална е-адреса во понудата на понудувачот.
- Договорните страни по известувањето, односно барањето за отстранување на објект договараат микролокација, предмет на отстранување, дата и час на започнувањето на работите, рок на завршување на работите, ангажирање на потребната механизација и работна рака, и други податоци за несметано извршување на работите.
- Договорниот орган го задржува правото за одложување на датата-денот на изведување на работите утврден во поднесеното барање. Во случај на одлагање на датата-денот на изведување на работите, договорниот орган во рок од најмалку 12 часа пред закажаниот/утврдениот термин ќе го извести носителот на набавката по телефон, е-пошта или факс за одложување на работите.

**Права и обврски на договорните страни**

**Член 5**

Извршителот е согласен да ги извршува работите според потребите на Нарачателот и по негово барање.

**Член 6**

Извршителот е должен работите предмет на овој договор да ги извршува стручно, професионално и квалитетно, на начин и во рокови утврдени во писмените

барања од стручните служби при Општина Кочани, а врз основа на донесените Решенија за отстранување на безсправно изградени објекти и делови од објекти и донесените Заклучоци за дозвола за извршување според однапред договорен рок и динамика при извршување на секоја работа, а почитувајќи ги прописите и правилата на струката за изведување на ваков вид на работи и прописите и правила за заштита на работниците и минувачите за време на работа.

**Член 7**

Извршителот е должен да води градежен дневник за извршени работи.

Извршителот е должен до нарачателот до достави Извештај за извршени работи согласно водениот градежен дневник.

Извештајот за извршени работи го потпишуваат лицата претставници од двете договорни страни определени за следење на реализација на договор на терен.

**Член 8**

Нарачателот го задржува правото на утврдување потреба од административно извршување на поединични управни акти, односно правото да го утврдува нивниот број и да ја определува динамиката на извршувањето.

**Член 9**

Нарачателот е должен да ги отстрани сите постоечки проблеми во разумен рок со што би се овозможило несметано извршување на работите предмет на овој договор.

**Член 10**

Нарачателот има право да назначи свој претставник – овластен градежен инспектор, вработено кај нарачателот, кој ќе врши надзор на извршување на работи од предметот на овој договор.

Нарачателот има право на пристап на местата каде што ќе се извршуваат работите предмет на овој договор.

Забелешките во текот на извршувањето на работите Нарачателот е должен без одлагање да му ги соопшти на Извршителот.

Сите забелешки и наоди од Нарачателот се соопштуваат во писмена форма или се запишуваат во градежниот дневник и по истите Извршителот е должен да постапи.

***Гаранција за квалитетно извршување на Договорот***

**Член 11**

Согласно Известување од Нарачувачот бр.05-1554/11 од 03.12.2018 год., Изведувачот во благовремен рок достави банкарска гаранција за квалитетно извршување на Договорот бр.141/2018 во еден оригинален примерок издадена од Централна кооперативна Банка АД Скопје, со важност од 19.12.2018 год. до 31.12.2019 год. на износ од 20.000,00 ден., со која се обврзува дека навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ги изврши работите кои се предмет на овој договор.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката. Доколку дојде до наплата на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, договорниот орган ќе објави до ЕСЈН негативна референца. За наплатата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот и за објавувањето на негативна референца на ЕСЈН, Носителот на набавката може да покрене спор пред надлежниот суд.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот

договорниот орган му ја враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на Носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на Договорниот орган.

**Член 12**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**Член 13**

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој договор, да соработуваат меѓусебно со внимание на добри стопанственици, да се грижат за унапредување на меѓусебните деловни односи, и во таа смисла редовно и благовремено да се информираат за се што е потребно за извршување на договорот.

**Член 14**

Кога една од договорните страни не ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, мора да му остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската. Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

**Член 15**

Една од договорните страни може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна, дополнителен рок за исполнување ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Член 16**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штета.

**Член 17**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Член 18**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

**Член 19**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 20**

Овој Договор се склучува за времетраење од 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на склучувањето на истиот или до исцрпување на договорената вредност.

**Член 21**

За се што не е предвидено во овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Закон за облигационите односи, Закон за градење и другите позитивни важечки прописи во Република Македонија.

**Член 22**

Во случај на спор, истите ќе се решаваат пред месно и стварно надлежен суд.

**Член 23**

Овој Договор е составен во 6 еднообразни примероци, од кои 2 за извршителот , а 4 за нарачателот.

**Член 24**

Договорот стапува во сила со денот на потпишување од двете договорни страни.

| | |
|---|---|
| ***Изведувач*** | ***Нарачател*** |
| ***Друштво за трговија и услуги*** | ***ОПШТИНА КОЧАНИ*** |
| ***СОЛАС-ЕКС-ИМ ДООЕЛ*** | ***Градоначалник,*** |
| ***Управител,*** | |
| ______________ | ______________ |
| ***Снежана Радомировиќ*** | ***Николчо Илијев*** |

***Составен дел на овој Договор е :***

***- предмер-пресметка со намалени единечни цени за 10 % согласно Извештај од поднесување конечна цена***

*Изработил: Виш Соработник за спроведување на постапки за јавни набавки Александра Миткова*
*Согласен : Овластен градежен инспектор –Огњан Георгиев*

**П Р Е Д М Е Р-пресметка**
**за*Отстранување на бесправно изградени објекти и делови од објекти, бесправно поставени објекти, објекти склони на паѓање и други објекти***

| Реден број | Опис | Единечна мера | Единечна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | НКВ работник | режиски час | 450,00 |
| 2 | КВ работник | режиски час | 540,00 |
| 3 | Компресор со еден пикомер | режиски час | 3600,00 |
| 4 | Раководител | режиски час | 720,00 |
| 5 | Лесно возило | режиски час | 2700,00 |
| 6 | Компресор со два пиштола | режиски час | 3600,00 |
| 7 | Камион дигалка од 8 т | режиски час | 8100,00 |
| 8 | Камион дигалка од 12 т | режиски час | 8100,00 |
| 9 | Камион дигалка од 20 т | режиски час | 810,00 |
| 10 | Мал утоварувач | режиски час | 900,00 |
| 11 | Ровокопач-Багер | режиски час | 8100,00 |
| 12 | Булдожер | режиски час | 3600,00 |
| 13 | Оксиген | режиски час | 90,00 |
| 14 | Ниска приколка за транспорт на градежни материјали | режиски час | 90,00 |
| 15 | Камион за влечење компресор | режиски час | 3600,00 |
| 16 | Камион кипер 5 до 10 м³ | режиски час | 3600,00 |
| 17 | Брусалка | режиски час | 1800,00 |
| | Моторна пила | режиски час | 90,00 |

***Изведувач***
***Друштво за трговија и услуги***
***СОЛАС-ЕКС-ИМ ДООЕЛ***
***Управител,***

***Снежана Радомировиќ***

***Нарачател***
***ОПШТИНА КОЧАНИ***
***Градоначалник,***

***Николчо Илијев***